РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 11-688/1
06.04.2026 год.
СКОПЈЕ / SHKUP

Врз основа на член 4 од Правилникот за програмата за едукација, планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот, начинот на издавање и стекнување на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.64/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.221/23) и член 4 став (3) и (4) од Интерното упатство за подготовка и спроведување на едукација за јавни набавки бр.11-108/1 од 16.01.2026 година, Директорот на Бирото за јавни набавки донесе:

**Измена на Годишниот план**

**за реализација на едукацијата за јавни набавки за 2026 година**

**бр.11-2298/1 од 03.12.2025 година**

1. Во Годишниот план за реализација на едукацијата за јавни набавки за 2026 година бр. 11-2298/1 од 03.12.2025 година во точка 2. Обуки според наставна програма за обука на лица за јавни набавки (обука за сертификација), по редот 7, се додава нов ред 7-а кој гласи:

| | | Почеток | Крај | Испит | Поправен испит |
|---|---|---|---|---|---|
| 7-а | **Јуни** | 08.06.2026 | 12.06.2026 | 13.07.2026 | 13.08.2026 |

2. Овој план влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот ќе се објави на веб страницата и огласната табла на Бирото за јавни набавки.

**Образложение:**

Бирото донесува годишен план за едукација со кој се утврдува бројот, временскиот распоред, видовите на обуки според наставни програми кои се планира да се спроведат во текот на годината и се определуваат термините за полагање на редовните и поправните писмени испити, кој по потреба може да се измени и/или дополни.

Годишниот план согласно Интерното упатство за подготовка и спроведување на едукација за јавни набавки, по потреба може да се измени и/или дополни во текот на годината, и тоа: во случај на отворање нови термини за обука поради зголемен интерес, како и во случај на утврдување на нови термини за полагање на писмените испити.

[1] 11-688/1 [2026]

Со оглед на зголемениот интерес за посета на обука според наставна програма Обуки според наставна програма за обука на лица за јавни набавки (обука за сертификација), се вршат наведениве измени.

ДИРЕКТОР
д-р Маре Богева Мицовска

Изработил: м-р Елена Рајковчевска
Проверил: м-р Игор Димитровски
Согласен: м-р Рита Глигоријевска